и на застапеноста на повоената историја и историјата на современото работничко движење; на југословенско ниво да се ангажираат стручни лица: историчари, психолози, педагози, методичари и други, кои ќе дадат свое мислење за оправданоста на линеарниот принцип на планирањето на редоследот на програмските содржини во наставата по историја; потребно ќе биде усогласување и изедначување на наставните план-програми по историја, како и нивното дидактичко обликување на југословенско ниво, бидејќи сè уште немаме единствен и изедначен пристап кон изучувањето на историското минато од општата и националната историја и не сме излезени од европскиот историски круг — од евроцентризмот; потребно е излегување од евроцентристичката концепција на развојот на човечкото општество и во останатите републики и покраини да се пристапи кон издавањето на прирачници за одделни места и региони за историјата на родниот крај, користејќи го искуството на СР Хрватска.

На крајот југословенската комисија за наставата по историја одржа состанок на кој се изврши начелни подготовки за идниот — IX симпозиум, кој ќе се одржи во составот на Осмиот конгрес на историчарите на Југославија во Приштина во 1981 год. На деветтиот симпозиум се предложи да бидат разработени следните теми од проблематиката на наставата по историја:

1. Односот на историјата спрема останатите предмети на општествените науки во наставата на основните и средните училишта.

2. Местото на историјата на работничкото движење, Народноослободителната војна и револуцијата во наставата по историја во училиштата и на факултетите.

3. Можности за внесување нови научни резултати од историографијата во наставата по историја во основните и средните училишта.

Поднесените реферати и кореферати на Осмиот симпозиум, како што се практикува досега, ќе бидат отпечатени во стручното списание „Настава по историја" бр. 1 и 2 од 1981 година, а некои и во косовското списание „Хоризонти историје", со што материјалите ќе станат достапни и за оние кои не беа присутни на Симпозиумот.

Наум ДИМОВСКИ

## ИЗВЕШТАЈ

### од работата на втората секција на Дванаесеттата сесија на Школата на младите марксисти „Стив Наумов-Мите Богоевски" на тема „Историските корени на неврзувањето", одржана во Дојран од 12—14 мај 1980 год.

Втората секција работеше под работен наслов „Активноста и улогата на неврзаноста во современите услови". Од вкупно 34 соопштенија се дискутираше по 24 теми. Во својот кореферат м-р Душко Симовски се осврна на некои клучни проблеми во врска со

неврзаното движење на релација: социјализмот — светски процес, карактерот и суштината на неврзаното движење, борбата на ова движење против сите видови на доминацијата, империјализмот, хегемонизмот, притисоците на големите сили, борбата за создавање на нов меѓународен економски поредок, како и улогата на неврзувањето во современите меѓународни односи.

Проблемите за активноста и улогата на неврзаните во современите услови, главно, беа разгледани во неколку групи. Во текот на дискусијата акцент се даде на класниот карактер на ова движење.

Во следниот комплекс на прашања, кои се однесуваа на неврзаноста, беше разгледан односот на неврзаното движење и ООН и притоа беше нагласено дека принципите на неврзаноста се во согласност со Повелбата на Организацијата на обединетите нации. Без движењето на неврзаноста ООН би била бледа слика на денешната организација и не би можела да се одржи. Исто така, акцент му се даде на принципот на мирољубивата активна коегзистенција како еден од важните принципи на неврзувањето. Во дискусијата значајно место заседе проблемот на обидите на големите сили за разбивање на движењето и за негово пренасочување за природно сојузништво на неврзувањето со социјалистичкиот блок, како и теоријата дека ова движење е резерва на социјализмот.

Исто така беа разгледувани соопштенија кои се однесуваат на целите на ова движење за создавање на нов меѓународен економски поредок. Во врска со ова беше водена дискусија околу проблемите на групата 77 и политичко социјалната димензија на новиот економски поредок. Меѓу другото, се дискутираше за примената на принципот на мирољубивата активна коегзистенција во меѓународните економски односи.

Вториот комплекс на прашања, кои беа разгледувани на секцијата, беше улогата на неврзаноста во зачувувањето на светскиот мир. Во излагањата беа изнесени ставовите на големите сили спрема земјите кои припаѓаат на движењето, еволуцијата и осцилирањето на овие односи, различните трендови и друго. За односите на големите сили кон движењето беше заклучено дека има постојана еволуција и промена во мислењата како кај социјалистичките така и кај капиталистичките земји. Во СССР тие мислења се развивале во три етапи и тоа во времето на Сталин, по неговата смрт и во времето на детантот. Исто таква еволуција се бележи и кај САД. Овие промени се во согласност со интересите на големите сили. Денес тие сфатија дека неврзаното движење не е фикција ни визија, туку важна промена во современиот свет. Место во дискусијата заседе и проблемот околу разграничувањето на поимите неврзаност и неутралност.

Маргарита ПЕШЕВСКА